Уп. бр. 08-122

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Проекс Интернационал Л.Л.Ц. со седиште на Фехми Љадровци 32, Приштина, Косово, преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 25.08.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Проекс Интернационал Л.Л.Ц. со седиште на Фехми Љадровци 32, Приштина, Косово, има намера да стеке контрола врз Друштвото за трговија на мало ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1-мансарда 1, Скопје, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.08.2026 година, а дополнето на 11.08.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од Проекс Интернационал Л.Л.Ц. со седиште на Фехми Љадровци 32, Приштина, Косово, со која Проекс Интернационал Л.Л.Ц. има намера да стекне контрола над Друштвото за трговија на мало ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1-мансарда 1, Скопје.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Врз основа на Писмо за намери и рамка за Трансакцијата од 02.07.2026 година склучено помеѓу Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1/мансарда 1, Скопје како Продавач и Проекс Интернационал Л.Л.Ц. како Купувач, се согласиле за главните комерцијални услови и структурата на предвидената Трансакција поврзана со стекнување од страна на Купувачот на малопродажниот бизнис на супермаркети што моментално го управува ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје во Република Северна Македонија, меѓу другото, под називите „Тинекс", „СуперТинекс", „Тинекс Деликатес", „Конто" и „Спот" („**Бизнис**").

ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје по потпишувањето на Писмото за намери и рамка на Трансакцијата, на 14.07.2026 година го регистрирал ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје кој е наменет да служи како средство за стекнување и работење на Бизнисот. На ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје ќе му се стави на располагање Бизнисот или релевантните делови од Бизнисот во согласност со главните услови договорени во Писмото и како што ќе бидат дополнително регулирани во Преддоговорот за купопродажба на удел и дефинитивната документација за Трансакцијата.

Главна дејност на Проекс Интернационал Л.Л.Ц.е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутунски производи.

Проекс Групата е диверзифицирана деловна групација од Косово, составена од повеќе поврзани трговски друштва кои работат во областа на трговијата, дистрибуцијата, малопродажбата, логистиката и енергетскиот сектор, односно Проекс Групата покрива широк спектар на активности, вклучувајќи увоз и дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, управување со синџири на супермаркети, трговија со прехранбени и хигиенски производи, логистички услуги, како и трговија, складирање и дистрибуција на нафтени деривати.

Проекс Интернационал Л.Л.Ц. и Групата на која припаѓа Проекс Интернационал Л.Л.Ц. немаат поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту оствариле било каков приход на пазарот во Република Северна Македонија во 2025 година.

ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје има еден поврзан субјект регистриран во Република Северна Македонија, неговиот основач, Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**